РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 60/1
24.07. 20 26 год.-viti
Скопје - Shkup

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 28.07.2026
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
08 | 141/3 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Меѓународни и интеркултурни студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1.Се акредитира студиската програма „Меѓународни и интеркултурни студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран политиколог по меѓународни и интеркултурни односи/ во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor of sciences in Political Sciences in International and Intercultural relations.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.06 Политички науки, 5.09 Други општествени науки, Научно – истражувачка област: 5.06.00.06 Меѓународни односи и дипломатија, 5.06.00.04 Политички систем, 5.09.02.08 Меѓународна безбедност, 5.09.02 10 Геополитика, 5.09.03 Одбрана и мир, 5.09.03.09 Мир и развој, 5.09.03.01 Мир, безбедност и конфликти.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 45 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-2328/25 од 30.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Меѓународни и интеркултурни студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-141/1 од 14.01.2026 година (наш бр. 08 - 60/1 од 15.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 46-та седницата одржана на 16.01.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 60/6 од 16.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.06.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 10-1220/4
10-11 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено: 16.11.2026			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	141/5		

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма „Меѓународни и интеркултурни студии” од прв циклус на академски студии –додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”- Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии –додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик по „Меѓународни и интеркултурни студии” на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”- Скопје
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-60/7 од 24.07.2026 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”се обрати со барање бр.08-141/4 од 28.07.2026 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.10-1220/1 од 07.08.2026 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик по „Меѓународни и интеркултурни студии” на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”- Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 10-1220/2 од 17.08.2026 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 17.09.2026 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 10-1220/3 од 02.10.2026 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на академски студии –додипломски студии (240 ЕКТС) на англиски јазик по „Меѓународни и интеркултурни студии” на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”- Скопје се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21 58/24 и 124/25), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23, 97/24 и 60/26) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДИРЕКТОР,
Доц. Д-р Христина Серафимовска

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архивата на АКВО
изработил: Анета Атанасовска
одобрил:Севгил Муртеми